**СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА - ТОТАЛНА ПРОТЕЗА**
**Крстиќ М., Петровиќ А., Станишиќ-Синобад Д., Стошиќ З.**
**"Дечје новине" - Горњи Милановац, 1991**

Во 1991 година, од група автори од Стоматолошкиот факултет во Белград, излезе од печат книгата "Стоматолошка протетика - тотална протеза". Авторите на оваа книга се млади но искусни наставници и научни работници на белградскиот Стоматолошки факултет. Со оваа книга, тие пополнија една празнина во континуитетот на издавање учебници од овој Факултет, а на студентите по стоматологија, на стоматолозите, протетичарите и на забните техничари им дарува книга која може да им биде од голема полза во терапијата на беззабните пациенти. Во неа се внесени искуствата на авторите, нивните долгогодишни истражувања и искуствата на бројни домашни и светски автори од оваа проблематика.

Книгата содржи три дела, со 20 поглавја: I. Биолошки основи, во четири поглавја; II. Клинички и лабораториски постапки при изработката на тотални протези, во четиринаесет поглавја; III. Специјални постапки и проблеми на имедијатната протеза, во две поглавја.

Во првиот дел се изнесени потребните поими од анатомијата и хистологијата на беззабната уста, физиологијата на стоматогнатниот систем. Во вториот: клиничките и лабораториските фази на изработка на тоталните протези, физиологијата на оклузијата, пренесувањето на моделите во артикулатор, артикулаторите, планирањето на оклузијата, предавањето на протезите на пациентот и неговата адаптација на нив. Третиот дел ги опишува имедијатните протези и специфичностите на терапијата на пациентите од постара возраст.

Книгата е напишана на едноставен, разбирлив и усогласен јазик и стил, иако ја составиле повеќе автори. Ова дело ја збогатува стручната и научната литература од областа на стоматологијата. Книгата е печатена на квалитетна хартија, технички е богато опремена, со тврд повез. Илустрирана е со 585 слики и цртежи, што уште повеќе ја приближува до читателот и им го олеснува совладувањето на оваа проблематика на сите кои ја изучуваат или практицираат стоматологијата.

Книгата заслужува целосно внимание, треба да се прочита и да се има во сопствената библиотека.

**Проф. д-р Ефтим Мирчев**